**КОНКУРС**

**за студентски мобилности за студирање, пракса или истражување за теза**

**во рамки на проектот**

**PNRR-TNE International Mobility Programme – Assessing Constitutional Crisis Impact and Security (IMP-ACCTS)**

**за академската 2025/2026 година**

Во рамки на проектот **PNRR IMP-ACCTS** се објавува конкурс за за студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за реализирање на студентски мобилности (Call for Student Mobility.pdf - Google Drive) на следните 4 (четири) партнерски универзитети во Италија:

Универзитетот во Сиена

Универзитетот Милано-Бикока

Универзитетот на Саленто

Универзитетот во Каљари

**Конкурсот е отворен за:**

- Студентски мобилности за студирање
- Студентски мобилности за пракса/стажирање/лабараториски активности и истражување за теза

**Времетраење на мобилноста:**

1. Студентска мобилност за студирање
    - за студентите од сите три циклуси: еден семестар (зимски семестар)

2. Студентска мобилност за пракса/стажирање/лабараториски активности и истражување за теза
    - за студентите од сите три циклуси: минимум 2 месеци (60 дена), максимум 6 месеци

**Право на пријавување**

Редовни студенти на:

- прв циклус студии, со најмалку завршена прва година на студии, односно запишан трет семестар;
- втор циклус студии;
- трет циклус студии.

**Потребни документи за мобилност на студенти**

Сите документи за аплицирање се достапни на следниот линк: IMP-ACCTS PROJECT - Students mobility

- пополнет формулар за пријавување (Application Form Student.docx - Google Docs)
- уверение за положени испити за студентите од прв циклус;
- уверение или потврда за завршен прв циклус на студии (ако е студентот запишан на втор циклус) или втор циклус на студии (ако е студентот запишан на трет циклус) со наведена конечна оценка;
- уверение/диплома за познавање на англиски јазик или јазикот на наставата на партнерскиот универзитет;
- уверение за редовен студент – запишан семестар/година (на македонски јазик);
- кратка биографија (Europass модел);
- мотивациско писмо;
- важечки личен документ.

Задолжително:

за студентска мобилност за студирање:

- **договор за студирање (Learning agreement_Student mobility for studies.docx - Google Docs) во кој се утврдува програмата за студирање**, потпишана и одобрена од страна на студентот, матичниот факултет/PNRR IMP-ACCTS координаторот и факултетот во странство.

за студентска мобилност за пракса/стажирање/лабараториски активности и истражување за теза

- **договор за пракса/стажирање** **Learning agreement_Student mobility for traineeship.docx - Google Docs**

Кандидатите за студентска мобилност за **студирање** треба да ја поднесата апликацијата на е-пошта: international@ukim.edu.mk, најдоцна **до 28.4.2025 година.**

Кандидатите за студентска мобилност за **пракса/стажирање/лабараториски активности и истражување за теза** треба да ја поднесата апликацијата на е-пошта: international@ukim.edu.mk, најдоцна **до 30.5.2025 година.**

**Избор на кандидатите**

Изборот се врши согласно следниве критериуми:

- академски успех;
- познавање на англиски јазик или јазикот на наставата во странство;
- мотивација за реализирање на мобилност.

При изборот предност ќе имаат кандидатите од Правниот факултет „Јустинијан Први“ поради темата на проектот во рамки на кој се реализираат мобилностите

Повеќе информации за висината на грантот/стипендијата и финансиската поддршка може да најдете на: **Annex C.pdf - Google Drive**.

За дополнителни информации посетете ја веб-страницата IMP-ACCTS PROJECT - Students mobility